Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-2599/1
08.05 2017 год.
Скопје

**МЕПСО**
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР


Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 811
подружница ОЕЕС
+ 389 (0)2 3 149 814
подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 813
подружница ОПЕЕ
+ 389 (0)2 3 149 815
Ф: + 389 (0)2 3 111 160
www.mepso.com.mk


**До:**

**ТХОР ИМПЕКС ДОО**

ул. Борис Трајковски бр.1 Ламела 4/2

Пфах 907

1000 Скопје

**Предмет: Решение за согласност за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа**

Почитувани,

Во прилог ви го доставуваме Решението за согласност за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа.

Со Почит,

Изработил: Елизабета С. Атанасова

Одобрил: Климент Наумоски

**Генерален Директор**
**Ненад Јовановски**

КО:
- Генерален Директор
- Подружница ОПМ
- Подружница ОЕПС
- Подружница ОПЕЕ
- Сектор за ИТ и ТК
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансиски работи
- Служба за стратешко планирање и развојни анализи
- Архива

МЕПСО

Врз основа на член 125, 126, 127 и 128 од Законот за енергетика ("Сл.Весник на РМ"бр. 16/11, бр. 136/11, бр. 79/13 и бр. 164/13), членот 70 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија ("Сл. Весник на РМ" бр. 12/15) и точка 12 од Лиценцата за вршење на енергетска дејност управување со електроенергетскиот систем бр.02-1344/1 од 14.11.2005 год, постапувајќи по барањето на барателот **Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ, Скопје,** бр.02-2803 од 28.04.2015 година, **Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, АД МЕПСО** на ден 05.05.2017 година го донесе следното

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-2599
08.05.2017 год.
Скопје

# РЕШЕНИЕ

## за Согласност за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа

на **Барателот Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС експорт-импорт ДООЕЛ, Скопје** (или скратено ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ) со седиште на ул. " Борис Трајковски" бр. 1/ламела 4-2 во Скопје, општина Кисела Вода, жиро сметка бр. 300-000003952107, ЕДБ: МК 4080013538130, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

## 1. БАРАЊЕ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕНОСНА МРЕЖА

Барателот **ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ**, како произведувач на ветерна електрична енергија, на ден 28.04.2015 година поднесе барање бр. 02-2803 за приклучување на ветерната електрична централа Богословец (ВЕЦ Богословец) на преносна мрежа.

## 2. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕНОСНА МРЕЖА

**Основните технички карактеристики** на ветерната електрична централа Богословец се: вкупно инсталирана моќност 36 MW со просечно годишно производство од 83.659 GWh и 2324 еквивалентни часови со максимално производство

**Местото на приклучок** на **ВЕЦ Богословец** на преносна мрежа на Барателот **ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ** е дефинирано во "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа" (бр.02-2330 од 25.04.2017 година) со пресекување на постојниот 110 kV ДВ ТС Овче Поле – ТС Штип 1.

**Приклучокот** на преносната мрежа на **ВЕЦ Богословец** е составен од:

- 110 kV приклучен двосистемски далекувод од ТС Богословец до постојниот 110 kV ТС Овче поле – ТС Штип 1,
- 110 kV разводна постројка во ТС Богословец,
- Командно контролен објект во кој е сместена секундарната опрема за 110 kV разводна постројка од ТС Богословец,
- Доопремување на 110kV далекуводни полиња во ТС Овче Поле и ТС Штип 1 кон ТС Богословец заради компатибилност и функционалност.

**Границата на раздвојување** помеѓу **АД МЕПСО** и **ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ** при приклучување на **ВЕЦ Богословец** на преносна мрежа е на клемите на 110 kV собирнички раставувачи кон собирницата во 110 kV трансформаторско поле во ТС Богословец.

Енергетски трансформатор ТР 110/33 kV, заедно со комплетното 110 kV трансформаторско поле му припаѓаат на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, а собирниците од 110 kV разводна постројка на кој се приклучува трансформаторското поле во ТС Богословец, припаѓаат на АД МЕПСО.

**Место на мерење на електричната енергија:**

- **пресметковно мерење** на високонапонската страна на енергетскиот трансформатор во ТС 110/33 kV Богословец,
- **контролно мерење** на нисконапонската страна на енергетскиот трансформатор во ТС 110/33 kV Богословец,

## 3. УСЛОВИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ

Барателот **ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ** е должен:

- Да ги задоволи сите функционални барања за опремата на приклучокот дефинирани во "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа" и да постапи во сé согласно Студијата.
- Да ги задоволи резултатите од "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа" со дефинираните технички барања.
- Да ги задоволи техничките спецификации утврдени во техничките барања содржани во "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа".
- Да ги задоволи барањата за системски сервиси (FAT,SAT, документација, обука, гаранции) содржани во "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа".

Приклучокот ќе биде имплементиран согласно условите дефинирани во Договорот за приклучување на преносната мрежа.

## 4. ТРОШОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ

Трошоците за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа се во согласност со член 76 и прилог 7: *Методологија за пресметка на надомест за приклучување* од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.Весник на РМ бр.12/2015), а се дефинирани во секција: *Трошоци за приклучување на преносна мрежа* од "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа".

## 5. ДОГОВОР ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА

Техничките, правните и економските барања за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа ќе се регулираат со посебен *Договор за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа* склучен помеѓу АД МЕПСО и ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ.

## 6. ОСТАНАТИ УСЛОВИ

Составен дел на ова Решение за согласност е "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа", бр.02-2330 од 25.04.2017 година, изработена согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија и усвоена од АД МЕПСО и ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ.

За секоја потреба од измена на ова Решение за согласност барателот е должен да бара издавање на ново решение за согласност.

Барателот е должен да постапи според условите од ова Решение за согласност.

Решението за согласност стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, поднесе барање бр.02-2803 од 28.04.2015 година **за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа.**

**По разгледување на поднесеното барање и прифаќањето на** "Студијата за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа", бр.02-2330 од 25.04.2017 година, **АД МЕПСО издава согласност за приклучување на ВЕЦ Богословец на преносна мрежа.**

**Правна Поука:** Против ова решение за согласност барателот ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ има право да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот на решението за согласност.

Подготвил: Е.С.Атанасова

Проверил: Р.Робески

Б.Алексоски

Согласен: А.Ристески

**За АД МЕПСО**

**Ненад Јовановски**